Врз основа на член 24 став 1, алинеја 5, а во врска со член 147 став 3 точка д од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19, 153/19 и 92/21), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 22.03.2022 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

I

**СЕ ОТПОВИКУВА** одобрението за користење на радиофреквенции во копнено мобилна служба (приватна) со евидентен број 111626 издадено од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот Друштво за услуги, трговија и превоз на патници МИЛА НАЈМИЛА ДООЕЛ,со адреса на бул.Видое Смилевски Бато бр.14/15 Скопје, поради неплатени надоместоци за користење на радиофреквенции.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

III

Ова решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации му издаде одобрението за користење на радиофреквенции во копнено мобилна служба (приватна) со евидентен број 111626 на Друштво за услуги, трговија и превоз на патници МИЛА НАЈМИЛА ДООЕЛ, со адреса на бул.Видое Смилевски Бато бр.14/15 Скопје.

Поради тоа што Друштво за услуги, трговија и превоз на патници МИЛА НАЈМИЛА ДООЕЛ, не го платил надоместокот за користење на наведените радиофреквенции,согласно член 24 став 1, алинеја 5, а во врска со член 147 став 3 точка д од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр.39/14,188/14,44/15,193/15,11/18,21/18,98/19,153/19 и 92/21), директорот на Агенцијата за електронски комуникации по службена должност, донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Наш број Уп1-бр.0802-159
Скопје 05.04. 2022

Изработил: Раководител на одделение за управни работи и наплата на побарувања
Зоран Минарков

Раководител на Сектор за правни работи
Дафина Пауновска

Раководител на Сектор за финансии
Владимир Велкоски

Раководител на Сектор за радиокомуникации
Јане Јакимовски

Советник на директорот за правни прашања
Бојана Стефановска

Советник на директорот за радиокомуникации и контрола и мониторинг на радиофреквенции
Игор Бојаџиев

Директор
Jeton Akiku

Доставено до:
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенции
- Сектор за финансии
-странка